ГРАФОМЕТРИКС

ГРАФОМЕТРИКС е редовна публикација на Finance Think што содржи важни тековни информации за домашната, регионалната и светската економија претставени низ графички прикази.

ГОДИНА 4, БРОЈ 3

ФОКУС

• Народната банка на Македонија ја намали проекцијата за **растот на БДП во 2016 година на 2.3%,** што е во линија со проекцијата на Finance Think од 2.2%. Растот на БДП се очекува да забрза во следните години и да достигне **3.5 % во 2017 и 3.7% во 2018.**

• Агенцијата за кредитен рејтинг Fitch го намали рејтингот на македонските долгорочни државни обврзници во странска и домашна валута за едно скалило, од ББ+ на ББ, со негативни изгледи.

• Според податоците на Државниот завод за статистика:

> Стапката на сиромаштија во 2015 година изнесува **21,5% и се намали за 0,7 п.п** во споредба со 2014 година.

> Стапката на невработеност во вториот квартал од годината е **24%**. Во споредба со претходниот квартал , таа се намали за 0,5 п.п.

• Министерството за финансии на Република Македонија **се задолжи** со еврообврзница во износ од 450 милиони евра во јули оваа година. Со тоа, **јавниот долг порасна на 50.6% од БДП** на крајот од третиот квартал од годината.

THINK TANK FUND
SUPPORTING POLICY RESEARCH

Оваа публикација е произведена со поддршка од Open Society Think Tank Fund (TTF). TTF може да не се согласува или да не ги одобрува мислењата изразени во оваа публикација.

FINANCE THINK OUT OF THE BOX

Finance Think е непрофитен институт за економски истражувања и политики.

Нашата Визија

Да поттикнеме економско размислување за подобра благосостојба утре.

Нашата Мисија

Да ја намалиме сиромаштијата, да ги зајакнеме макро-финансиските политики и да ја унапредиме финансиската стабилност преку економски истражувања, советување и препораки за економските политики и поттикнување критичка дебата за економските процеси

Ул. Фредерик Шопен1/2,
1000 Скопје
+389 2 6156 168
www.financethink.mk
info@financethink.mk

Животен стандард расположливи vs. употребени средства (просек по домаќинство, во денари)



Извор: Државен завод за статистика; Визуелизација на Finance Think

Во 2015 година едно македонско домаќинство во просек имало **кусок од 11.777 денари месечно** помеѓу просечните приходи од редовен работен однос и просечната потрошувачка кошница т.е. за задоволување на основните животни потреби. Ваквата негативна заштеда домаќинствата можат да ја надоместат со задолжување по основ на кредити, добивање неповратни средства или со трошење на претходно заштедени средства.

Македонски плати



Половина од вработените во земјава земаат плата од 12.000-25.000 денари. Само **8% заработуваат повеќе од 25.000 денари месечно**, а дури 43% од вработените се обидуваат да преживеат со месечна плата која е помала од 12.000 денари.

43%	49%	8%
до 12.000	12.000-25.000	повеќе 25.000

Извор: Државен завод за статистика; Визуелизација на Finance Think

Рангирање за олеснување на водење бизнис - „Дуинг бизнис“

Извор: Светска банка ; Визуелизација на Finance Think

Според индикаторите „Дуинг бизнис“ од Светска банка за 2016. година, Македонија е рангирана на 10-тото место за водење бизнис помеѓу 190 економии, а со тоа и водечка економија помеѓу земјите од Западен Балкан. На последно место помеѓу земјите од регионот е Босна и Херцеговина, која според ова рангирање е на 81-вото место.

Годишен прилив на дознаки како дел од БДП во 2015 (%)



Извор: Светска банка ; Визуелизаија на Finance Think

Приливот на дознаки во релативна вредност како дел од БДП за 2015 година бил највисок во Косово каде што дознаките достигнале 16.7% од БДП. Најниско ниво на дознаки како дел од БДП има Македонија каде за 2015 тие биле само 3% од БДП. Сепак, во Македонија, дознаките од иселениците се сеуште поголеми од износот на странските директни инвести́ции.

Релативна стапка на сиромаштија во земјите на ОЕЦД

Во просек, 11.4% од населението во земјите на ОЕЦД живее под линијата на сиромаштијата, која е дефинирана како 50% од медијалниот еквивалентен расположлив доход. Во самата ОЕЦД група, постои разноликост и овој процент се движи од 4.6% во Исланд до 18.6% во Израел.

Според домашната статистика (Лаекен индикатори), **сиромаштијата во Македонија за 2015 изнесува 21.5%,** но е дефинирана како % на лица кои располагаат со износ понизок од 60% од медијалниот доход. Оттука, ако се обезбеди споредливост со показателот за ОЕЦД (праг од 50%), бројката за сиромаштијата во Македонија би била нешто пониска.

ОБРАЗОВАНИЕТО - КАПИТАЛНА ИНВЕСТИЦИЈА ЗА ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

ИНВЕСТИЦИИ VS РЕЗУЛТАТИ

ИНВЕСТИЦИИ

Инвестиции во образование (во милиони денари) [1)]



Инвестиции во образование (% од БДП)



Инвестиции во образование (% од вкупни расходи на буџет на РМ)



РЕЗУЛТАТИ

Просечен успех на учениците од осмо одделение

Просечнен успех на учениците по завршени одделенија

Просечната оценка по математика

3,53 петто одделение

2,94 осмо одделение

2,79 четврта средно

Инвестициите во образованието во последните години се зголемуваат во апсолутен износ. Сепак, тие не го следат трендот на раст на економијата и буџетот на РМ и нивната релативна вредност како дел од БДП и како дел од вкупните расходи на буџетот на Република Македонија опаѓа. Исто така, резултатите во образованието и просечниот успех се намалуваат и покрај зголемените трошења.

British Embassy Skopje

Подготовката на овој инфографик беше овозможена со поддршка од Британска амбасада Скопје, во рамките на проектот FISCAST+: Фискалната транспарентност и одговорност ги подобрува политиките во областите на квалитет на живот, образование и здравство. Мислењата и ставовите наведени во оваа публикација не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската амбасада.

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија,
Буџет на Република Македонија 2015,
Податоци за успех на ученици по предмети за 2011/2012 година;
Визуелизација на Finance Think

[1)] Буџет на Министерство за Образование и Наука